СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Првото продолжение на Педесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 26 февруари 1993 година

Скопје, февруари 1993 година

**56 СЕДНИЦА ОДРЖАНА НА 26.II.1993 (ПРВО ПРОДОЛЖЕНИЕ)**


| | |
|---|---|
| 1. АНДОВ СТОЈАН | 1 |
| 2. МИТКО АНАСТАСОВСКИ | 13, 22, 34 |
| 3. БРАНКО АРСОВСКИ | 21, 28, 30, 45 |
| 4. АЛИУ ХАМИД | 34, 35 |
| 5. ДИМОВ ТОДОР | 84 |
| 6. ЗМЕЈКОВСКИ БОРИС | 34 |
| 7. КРСТЕВСКИ ЗОРАН | 5 |
| 8. КОВАЧЕВСКИ КИРИЛ | 11 |
| 9. МИНОВ ПАНЧО | 14 |
| 10. ПОПОВСКИ НИКОЛА | 17, 20, 23 |
| 11. ПЕТРОВ ТОДОР | 40, 43 |
| 12. ПЕТКОВСКИ ТИТО | 42 |
| 13. РАМАДАНИ ИСМЕТ | 43 |
| 14. ИЛИЈА ТАЈЧАНОВСКИ | 63, 67 |
| 15. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ | 9 |
| 16. САБРИУ ИЛИЈАЗ | 25, 35 |
| 17. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ | 35 |
| 18. СТОЈКОВ СТОИЛЕ | 46 |
| 19. ФАЗЛИУ АГИМ | 44 |


СЕДНИЦАТА ПРОДОЛЖУВА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Првото продолжение на 56-тата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 26 февруари 1993 година

Седницата се одржа во сала 1 со почеток во 11,05 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Пратениците Александар Гештаковски, Ристо Стаменов, Јован Манчевски, Благоја Чкатроски, Санде Давчев, Гулистана Марковска, Љубисав Иванов, Симеон Ивановски, Јордан Зафиров, Љупчо Георгиевски, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат,мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Минуваме на **1-та точка**. - Оставка на членот на Владата и министер за односи со странство д-р Денко Малески.

Претседателот на Владата на Република Македонија писмено ме извести дека членот на Владата и министер за односи со странство д-р Денко Малески поднел оставка која претседателот на Владата ја прифатил на 19 февруари 1993 година.

Со оглед на тоа констатирам дека на д-р Денко Малески му престанува функцијата на член на Владата и министер за односи со странство на 19 февруари 1993 година.

I/2 сј/вц

Минуваме на 2-та точка

(реакција на некои пратениците во салата) Нема зошто, ние само констатираме. Оставката не е уставна категорија, оставката е господо, уставна категорија е право на човекот да ја даде и на претседателот на Владата ако е тоа министер да ја усвои или не усвои. Оној момент кога сум информиран, престануваат сите расправи за тоа и вас само ве информирам. (некој од пратениците бара збор). Не можете да барате збор, за таа точка нема расправа, нема расправа. Нема расправа за таа точка. Вие барајте за потпретседателот на Владата, лаги ако сакате, барајте точка за тоа. Оваа точка нема врска со тоа. Министерот поднел оставка, претседателот на Владата ја усвоил. Тоа е и ништо натаму.

Минуваме **на 2-та точка** - Барање на општинскиот суд Радовиш за давање одобрение за водење на кривична постапка против судиите Димитар Стевчев и ' Добрин Казанџиев.

Барањата на општинскиот суд Радовиш и извештајот на Комисијата за мандатно - имунитетни прашања ви се поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

(процедурално пратеникот Змејковска бара збор)

Процедурално, повелете. Веќе сме на 2-та точка. На 2-ра сме точка, јас ја водам седницата не можете вие да кажете каде се.

Само тишина. Процедурално може да се постави прашање. Јас одам според утврдениот дневен ред. Нема што. Во врска со втората или третата точка. Нема процедурално.

I/3

**БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ:**

Јас досега не сум ја злоупотребил говорницата ни за процедурално, ни за воведнички, па мислам и сега нема да бидам досаден, ќе се потрудам да бидам краток, бидејќи на дневниот ред беше првата точка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Првата точка мина.

**БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ:**

Знам дека мина. Дозволете. Можеби само ќе искористам за првата точка да му се заблагодарам на министерот Денко Малески што навистина си даде оставка, но многу задоцни.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немојте за тоа.

**БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ:**

Добро, јас би сакал што навистина е од голема важност
за македонската јавност на македонската држава, овде да биде и да го прашам воедно, процедурално, да го прашам воедно и премиерот бидејќи оваа ноќ успеав да дојдам некако до нашите поверливи и доверливи информации бидејќи вчера само дозволете, вчера на вторите вести се кажа дека господинот Стево Црвенковски сеуште ја нема добиено назад резолуцијата.

Ние имаме точни информации дека на господинот Стево Црвенковски му е врачена британско – францускo - шпанската резолуција.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, тоа нема врска со оваа точка. Тоа ако е важност вие дајте соопштение, партиско и ќе ги наведете вашите тајни извори, и сигурни итн.

**БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ:**

Не се тајни, тие се многу јавни и грчкиот весник ги објавува, за нас овде се тајни.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само тоа овде нема врска со говорницата во Парламентот. Тоа е господине Змејковски. Тоа нема врска. Точката е за судиите Димитар Стевчев и Добрин Казанџиев.

Ве молам,престанете со преносот. Ќе ја прекинам седницата. Навистина. Одете сега. Ете така.

Отворам претрес по втората точка. Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

1. Собранието констатира дека барањата на општинскиот суд Радовиш за давање на одобрение за водење на кривична постапка против судиите Димитар Стевчев и Добрин Казанџиев се неосновани бидејќи одобрение може да се бара само во случаите кога против судијата е одреден притвор за кривично дело сторено во вршење на судската функција.

2. Овој заклучок заедно со извештајот на Комисијата за мандатно-имунитетни прашања да се достави до општинскиот суд Радовиш.

Кој е за овој заклучок молам да крене рака? (пратениците креваат рака).

За предложениот заклучок гласаа 45 пратеници.

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (1 )

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на **<u>3-тата точка</u>** - <u>Предлог за донесување на закон за народниот правобранител.</u>

Предлогот за донесување на законот и извештаите на Комисијата за општествено - политички систем, Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана и Законодавно - правната комисија Мислењето од Владата на Република Македонија и забелешките од пратениците Тодор Петров и Кирил Ковачевски, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор господин Зоран Крстевски.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, се јавив за збор со оглед на тоа што, согласно уставните можности сум предлагач на овој закон. Овој закон го поднесов уште во јуни 1992 година и за жал тој дури денеска доаѓа на дневен ред, што според мојата оценка е изгубено драгоцено време, прво, за да се донесе законот и да заживее еден институт предвиден со Уставот на Република Македонија, кој во основа значи унапредување на демократијата и воопшто на политичкиот систем на Република Македонија.

Прво, да истакнам дека чекор напред е што Уставот на Република Македонија предвиде постоење на институт народен правобранител односно омбудсман како што му е поширокото меѓународно име. Со тоа Република Македонија се сврстува во оние земји со развиен политички систем и со развиена демократија бидејќи овој институт има традиција од

преку 170 години. Општо е познато дека во секоја правна држава во односите помеѓу државните органи и граѓаните се воспоставуваат инструменти на меѓусебна контрола. Покрај можноста граѓанинот своето незадоволство од соодветна реакција или одлука на државниот орган да ја искаже во управна постапка и пред суд, ова е трета инстанца на која граѓанинот може да се обрати, барајќо го или заштитувајќи го своето уставно и законско право. Да истакнам дека при конципирањето на овој закон не можев да се потпрам на ниту едно искуство ниту теоретско ниту практично во правната мисла на Македонија. Се што е во врска во оваа област е сознание од другите развиени држави и од странската литература. Оттука кога говориме за концептот за народниот правобранител мора да појдеме од она општо сознание кое секој ваков институт во развиените земји го има односно секогаш е тој во коорелација со постоечкиот политички систем и со целите кои една демократија сака да ги постигне во развојот на својата заедница. Што значи дека не постои еден општ урнек на оваа институција кој можеме да го преземеме и аплицираме во нашиот политички систем и оттука овој пионерски чекор што сега Парламентот го прави со донесувањето на нацрт-закон, како што се предлага нацрт-закон, нацрт-закон за народен правобранител ќе даде можности на теоретски план и на стручен план да се заангажираат поодделни институции и поединци во Македонија како би можеле оваа многу осетлива и важна институција да ја вообличиме.

Прашањето сега е кој е конкретниот концепт на народен правобранител што јас го давам во мојот предлог, на текстот на законот за народен правобранител.

Прво, поаѓам од широката дефиниција која Уставот ја дава за постоењето на народниот правобранител и тој го утврдувам како независен орган, кој презема дејства определени со закон и вложува правни средства пред надлежните органи за остварување на заштитата на правата на граѓаните. Тоа значи дека овој институт народниот правобранител, покрај тоа што ја контролира законитоста тој поведува постапка и ја контролира и целисходноста на работата на државната управа.

Во законот предлагам да биде застапена концепцијата на најшироко можно иницирање на било која претставка од страна на граѓаните со што помалце формализирање и со никакви трошоци во името на граѓанинот. Народниот правобранител според светските искуства се бира од редот на истакнатите правници во една држава, вообичено тој е во ранг на претседателите на врховните судови во државите.

Неколку зборови околу ингеренциите. Кога станува збор за ингеренциите, односно надлежноста на народниот правобранител тука може да дојдат во прашање токму дилемите околу самиот концепт на Законот за народен правобранител. Јас појдов од фактот дека Република Македонија менувајќи го својот политички систем, наоѓајќи се во една фаза на транзиција од собраниски во повеќепартиски и плурален парламентарен систем има потреба од позајакнати функции. во ингеренциите на народниот правобранител и оттука предвидов народниот правобранител да може за секое обраќање од страна на граѓаните да има една широка лепеза на овластувања како би можел да дојде што е можно повеќе до податоци и до фактичката состојба околу проблемот што граѓанинот го иницира и затоа предвидов активности како што се: правото на народниот правобранител да сослуша секое службено лице, да го испита секој конкретен случај на лице место, да

може да покренува и да бара известување од секој надлежен орган во кој граѓанинот се обратил или во прва фаза во управниот спор или во судскиот спор, смета дека му е повредено некое право, потоа една многу јака ингеренција на народниот правобранител и самиот да може пред надлежните органи да се јави како покренувач во името на граѓанинот за одредена деви- јација.

Постои одредена дискутабилност околу тоа до кој степен на организација на државната управа може- да се протегаат ингеренциите на народниот правобранител. Тука разни се искуствата во зависност од поставеноста на политичкиот систем, па и на самата институција на омбудсман. Обично забранета зона, така да речам, на дејствување на омбудсманот, односно на народниот правобранител се непосредната контрола на премиерот, министрите и обично во делот на одбраната каде што одредени специфичности во,надлежностите и постапката на народниот правобранител е предвидена заради заштита на податоци, безбедност итн./

И на крајот да се осврнам на заклучоците односно извештаите на неколку работни тела на Собранието кои го гледаа овој закон. Законодавно - правната комисија, Комисијата за внатрешна политика и Комисијата за политички систем сите имаа единствено мислење заради потребата од донесување на овој закон, немањето досега ваква институција во Република Македонија и потребата што е можно подобро да се дадат решенијата во овој закон, предложија на оваа седница Собранието да ја усвои само потребата од донесување на закон за народен правобранител, а предлагачот односно во случајов мене да ме задолжи да изготвам нацрт и прифатено е мислењето на Владата во таква фаза овој нацрт на закон да го гледа и Уставната комисија и

другите работни тела со што би се добило во квалитет, би се овозможило и би се добило во време во кое и одредени институции, научни, стручни итн., поединци би можеле компетентно да се произнесат за него.

Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа, предлогот на предлагачот, господин Зоран Крстевски, има потреба да се прифати од две причини.

Прва и основна задолжение на ова Собрание со одредбата од член 7 алинеја 4 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија каде и помеѓу другите закони што се задолжи Собранието е и овој закон. Тоа е првиот основ.

И, второ во член 77 од Уставот каде предвидува дека Собранието избира народен правобранител. Господин Крстевски, така, епизодно, сакаше да не запознае со неговите напори во врска со овој предлог, што тој предвидува во законот, што треба да се направи пред да се донесе во процес на одобрување пред ова собрание; Меѓутоа сакам да кажам една друга работа. Гледајќи го нацртот кој ни беше презентиран во два наврати пред работните тела по мое мислење не може во предлогот да се направи разлика помеѓу онаа ингеренција што се дава на јавниот правобранител од Уставот и она што предлагачот смета дека треба да го има народниот правобраните.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ**:(Продолжение)

Во оваа смисла ќе укажам на овие две разлики. Првата работа е предвидена во Уставот, тоа што треба да биде. Вели: "Народниот правобранител ги штити уставните и законските права на граѓаните кои им се повредени од органите на државната управа и од други органи и организации што имаат јавни овластувања".

Да би се направила разлика помеѓу правен застапник или адвокат и народен правобранител ќе мораме да сфатиме дека е голема содржинска разлика меѓу овие две институции. Ако замислата на предлагачот е дека народниот правобранител ќе ги штити граѓаните- кога му е повредено некое право со одреден акт на орган на управа и да може да поднесува жалби и сите други правни лекови кои се можни во една постапка, ,тогаш тврдам дека предлагачот не ја сфатил улогата на народниот правобранител. Зошто? Овде се говори, кога од поодделни органи на органите на управата се повредени правата на граѓаните а не на граѓанин што остварува одредено право. Би сакал да ви кажам со пример и за едното и за другото кога се работи за одделни" органи на управа и кога се работи за организации кои имаат јавни овластувања.

Да појдеме од последното кои се јавни овластувања,на пример претпријатие што се грижи за одржување на чистота или како што го викаме во Скопје Комуналец. Што ќе биде ако го собере ѓубрето од едно место и на Камениот мост направи складиште. Со тоа се повредени правата на граѓаните. Народниот правобранител ќе вложи средства да го присили претпријатието со јавни овластувања тој смет од таму да го дигне и да го однесе.

Кога се говори пак од орган на управа, ако се повредат правата, сега да не биде нешто криво сфатено меѓутоа мора да биде пластично кажано. Настана спор меѓу опозиција, позиција, Влада оправдување, дали интервенцијата на полицијата во Горче Петров како дел на орган имала овластување и ги повредила правата на граѓаните или не. Тука ќе биде правото на омбудсманот да провери дали оперативата отишла да работи со одредена техничка документација па да имала одобрение за градба, и дали во тој случај ако има некој протест е, па пошле органите на управата да дејствуваат да се одобри или немале. Не е спорно дека за таа локација градежна дозвола нема. А интервенира полиција. Тука е интервенцијата на народниот право- бранител, што значи дека правата на граѓаните се повредени затоа што се штити едно незаконие,1 а тоа е разликата меѓу едниот и другиот значај на застапник и народен правобранител.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, согласен сум за овој закон, но со извесни изменувања и дополнувања.

Согласно членот 77 став 2 од Уставот на Република Македонија, народниот правобранител ги штити уставните и законските права на граѓаните кога им се повредени од органите на државната управа и други органи и организации што имаат јавни овластувања. Тоа значи дека организационата поставеност на народниот правобранител треба да биде таква истиот да може непречено многу брзо и ефикасно да дејствува во заштита на тие права на граѓанинот подеднакво на територијата на цела Македонија. Меѓутоа, функцијата на народниот правобранител утврдени во Предлогот за донесување на законот за народниот правобранител не може во никој случај ниту приближно да се оствари, ниту да биде оправдано постоењето на овој орган доколку биде

прифатена предложената организациона поставеност во Предлогот, а тоа да има само во Скопје народен правобранител со еден или повеќе заменици како и стручни соработници и други работници утврдени со општите акти за организација и работа и за систематизација на работите и задачите. Затоа констатирам дека предложениот закон предвидува таква неефикасна поставеност на народниот правобранител која овозможува само граѓаните на Скопје да бидат привилегирани во заштита на своите уставни и законски права, бидејќи само за нив е народниот правобранител непосредно достапен и блиску.

Овластувањата во членот 16, 17, 18 и 19 само во Скопје народниот правобранител не би можел поефикасно да ги извршува. Поради тоа предлагам во членот 3 од Предлогот за донесување на закон да биде додаден нов став каде ќе се утврди дека народниот правобранител формира подрачни единици по општините. Ваквата поставеност на народниот правобранител е неопходно потребна, а пред се и логична со оглед на тоа што е јасно дека уставните и законските права на граѓаните ќе им бидат повредувани пред се токму од организационите единици на органите на државната управа и другите органи во сите општини, на нивната заштита треба да биде ефикасна и правовремена, па бидејќи и граѓанинот очекува и во право е да очекува заштита на своите права на подрачјето на својата општина близу до работното место, кај својот народен правобранител односно во организација подрачната единица на народниот правобранител за таа општина. Не да патува и да пишува претставки во Скопје, а должност на Републиката е на граѓанинот да му обезбеди најефикасно остварување на тоа негово уставно право. Токму

затоа уште еднаш нагласувам и сметам дека е неопходно а организационата поставеност на народниот правобранител треба да биде таква да има подрачни единици по општините за да со воспоставувањето на оваа функција ја оствари својата уставна цел, а доколку со овој закон навистина сакаме да постигнеме граѓаните во заштитата на своите уставни и законски права бидат рамноправни.

Покрај напред изнесеното потребно е да се испитаат и предвидените услови што треба да ги исполнува лицето за народен правобранител при што да остане условот да е дипломиран правник , но со положен правосуден испит а уживањето на углед за вршење на функцијата народен правобранител да се брише. Ние знаеме тие што се на власт како што е сега, тие што се вртеле околу ЦК на бивша СКМ тие ќе уживаат углед а другите нема да уживаат.

Исто така, да се преиспитаат и предложените надлежности на народниот- правобранител особено неговото право да може да врши сослушувавње на службени лица кое нешто како надлежно треба да се брише, додека пак вршењето на: инспекциски прегледи да се замени така што народниот правобранител ќе има право да бара инспекциските прегледи да ги изврши надлежниот инспектор, а за тоа да го извести народниот правобранител.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Овој закон ќе придонесе со избирање на народниот право-бранител носење една јака твргава во меѓусебните односи на нашите луѓе кои живеат на овие простори.

Потполно се согласувам со господинот Ковачевски.

Народниот правобранител треба да биде човек кој е ослободен од сите овие гајлиња што ги имаме ние политичарите.

Апсолутно тој да биде човек кој ќе е народен. И за тоа името треба да го заслужува и таков да биде. Заправо, во секоја општина во секој град како што функционира нашиот систем таквите ги има. На некој начин таквите луѓе верувајќи или не, а треба да веруваме дека беа изоставени од досегашниот систем и тие не можеа да дојдат до полн израз и да му помогнат на човекот. Меѓутоа и системот кој досега дејствуваше за кој верувам дека му дошло крајот таквите луѓе ќе дојдат на такви функции и правилно ќе ги спроведуваат,сите закони од Уставот и сите законитости. Во тоа не треба да се сомневаме , затоа што ги има. Има и помлади а има и постари луѓе кои на некој начин беа ставени на страна и навистина треба да дојдат такви луѓе за да може да има право да зборува и да ги брани интересите на човекот на Уставот и на законот. Ми се чини ме разбирате во што е суштината. Досега управуваше органот за внатрешни работи, органот на службите кои дејствуваа држава врз државата. И досега имаше такви луѓе, меѓутоа тие луѓе не ја вршеа функцијата, затоа што на некој начин или беа поврзани со тој орган кој ја управуваше државата кој беше држава над државата или беа потчинети под овие закони, заправо тие немаа закон за нив, законите беа во џебовите.

За нив не постоеше закон. Закон беше едноумието.

Уште еднаш би ве замолил овој закон да се прифати, закон за народниот правобранител и нека внимаваат добро луѓето кои живеат на овие простори, во општините, во градовите каде ќе се избираат тие, да се избираат од најдобрите најдобриот.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, веднаш да кажам дека наполно се согласувам дека има потреба од донесување на предметниот закон. Во таа смисла ги прифаќам и основните начела што

се содржани во содржината на самиот закон.

Фактички со овој предлог на пратеникот Крстевски се врши и едно операционализирање и конкретизирање на членот 77 од Уставот на Република Македонија и обврската од Уставниот закон што е за поздравување што наместо другите предлагачи се најде самиот пратеник во функција на предлагач, благовремено со целото задоцнување да ја врши таа обврска од Уставниот закон да се предложи овој закон кој патем да спомнам е неодменливо да се каже дека ова е инструмент на градењето на граѓанска држава за која се опре- деливме и во нашиот устав чиј концепт е граѓанско општество. Исто така, неговата предметна надлежност е заштита на правата и слободи- те на граѓаните. Основната ;улога на овој институт народен право- бранител ќе биде баш тоа заштита на правата и слободите на граѓаните повредени од државјаните органи и други претпријатија, вршители на јавни овластувања. Оваа е познат институт на граѓанските општества. Омбудсманот е познат во сите развиени европски парламентарни држави и тоа е прилог повеќе и ние како држава го отвориме процесот на градење и развивање на граѓанската држава, да го прифатиме овој граѓански институт.

Да не го повторувам образложението на предлагачот само да споменам дека овој институт народен правобранител многу ќе придонесе во задоволувањето на правичноста во случај на повреда на правата на граѓаните од државните органи. Да спомнам само, во прилог на неговото функционирање ќе биде и борбата против бирократијата во задоволувањето на правата на граѓаните пред државните органи. Неговата предметна надлежност сигурно ќе биде опфатена и во однос на вршењето на молчењето на администрацијата и на другите државни и

судски органи во случај на гонење на сторители на прекршоци и кривични дела како и надминување на субјективизмот во пресудувањето и одлучувањето на државните и судски органи. Во таа смисла го поддржувам и заклучокот, оценувајќи за потребно да се донесе овој закон, предлагачот да пристапи кон изготвување на нацрт на закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за народен правобранител поднесен од пратеникот Зоран Крстев- ски.

2. Собранието!го задолжува предлагачот на законот да изготви и на Собранието да му достави Нацрт на закон со оглед дека се работи за значен закон со кој се регулира надлежноста, изборот и разрешувањето на народниот правобранител како многу уставна институција во политичкиот систем.

Во изготвувањето на .'Нацртот на законот предлагачот да ги има предвид мислењата,забелешките и сугестиите содржани во извештаите на работните тела и расправата на седницата на Собранието, како и забелешки на пратениците Тодор Петров и Кирил Ковачевски.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на Комисијата за општествено политички систем, ЗПК и забелешките на пратениците Тодор Петров и Кирил Ковачевски да се доставаат до предлагачот, пратеникот Зоран Крстевски.

II/8

Кој е за предложениот заклучок молам да крене рака? (62 пратеници).

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на **точка 4 -** Предлог за донесување на закон за заштита на семејството чиј хранител е војник на извршуваше на воениот рок.

Предлогот за донесување на законот, извештаите на Комисијата за труд и социјална политика, Комисијата за внатрешна поли- тика и општонародна одбрана; ЗПК и забелешките на пратеникот Тодор Петров, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор?

Има збор пратеникот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници,,. прво да кажам дека се согласувам со содржината и со насоката која е застапена во Законот за заштита на семејството чиј хранител е војник на извршување ан воениот рок дека треба да го усвоиме. Меѓутоа, имам неколку забелешки кои треба или предлагачот или ова Собрание да ги зема и во најмала рака да ги разгледа дали се целисходни и како такви да ги разгледаме.

Прво, предлагачот на овој закон е Владата односно во нејзино име Министерството за труд и социјална политика.

Иако се работи за социјална заштита на оние лица кои останувaат без приходи или со недоволно приходи заради заминување на член на семејството на отслужување на воениот рок, мислам дека повеќе би било целисходно предлагач на овој закон да е Министерството за народна одбрана заедно со Министерството за труд и социјална политика.

Средствата за обезбедуваше на обврските кои произлегуваат од овој закон се обезбедуваат како што е напишано и во членовите на законот, од буџетот на Република Македонија. Меѓутоа од духот на законот и покрај тоа што Центарот за социјална грижа ќе биде оној преку кој ќе се извршува целокупната активност, упатува на тоа дека средствата ќе се издвојуваат во буџетот во стапката на Министерот за труд и социјална политика.

Исто така мислам дека можеби е целисходно да се размисли дали овие средства треба да се остваруваат преку стапката на Министерството за народна одбрана имајќи предвид дека Министерството за народна одбрана е она министерство кое ги повикува, согласно законските одредби, регрутите на отслужување на воениот рок, треба да ја преземе грижата која произлегува, заради последиците од упатувањето во сопствената армија на овие лица. Зошто мислам дека треба да се размислува во оваа,' насока.

Можеби е добро да изградиме систем во Министерството за народна одбрана кој ќе биде заокружен систем, кој ќе овозможува се што презема ова Министерство во своите рамки и да го разрешува поаѓајќи од ваквата социјална заштита, поаѓајќи од последиците кои произлегуваат од вршењето на воената обврска која согласно нашиот закон е обврзна во армијата на Република Македонија и таа работа да се уреди во рамките на министерството и согласно со тоа во Армијата на Република Македонија. Зошто? Затоа што ние веќе и во досегашната

пракса, а особено во последниве две години заради објективни околности во кои Западна Република Македонија, особено по распаѓањето на Бившата СФРЈ се случуваат настани на кои оние кои се повредени од тие настани во било каква смисла не можат добро да ги остварат своите права. Имено, за што се работи?

**НИКОЛА ПОПОВСКИ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Се случува да имаме инвалиди кои, заради извршувањето на воениот рок во мирнодобски услови, или како што имавме, за жал, во претходните две-три години не по своја вина регрути кои се упатени во воени дејствија да останат со траен инвалидитет или да починат, да го загубат својот живот во тие борби.

Нивното социјално згрижување во овој момент се одвива можеби прилично хаотично и тие се упатени на еден триаголник каде не можат доволно вешто да ги остварат своите права токму заради законската регулатива која е распространета во неколку министерства и тоа народна одбрана, здравствена заштита, труд и социјална политика од аспект на вработување и социјална заштита, така што овие инвалидизирани лица во овој момент тешко ги остваруваат свои- те права и има многу примери каде не можат до крај да ги остварат своите права на реллацијата Министерство на народна одбрана и Министерството за труд и социјална политика, односно делот за социјална политика.

Затоа мислам дека можеби е добро да се размисли за оние дејствија негативни кои произлегуваат заради активности на Министерството за народна одбрана и армијата, упатување на воен рок, можен инвалидитет од отслужувањето на воениот рок да ги преземе во целосен систем Министерството за народна одбрана и во тие рамки, се разбира и армијата на РМ и тие да ја водат грижата на еден заокружен начин. Ако тоа Министерство упатува на воен рок, тоа Министерство

преку својот буџет, мислам дека е тоа техничко прашање средствата да се насочат кога се веќе во Буџетот од едно во друго министерство да ја обезбедат заштитата, а понатаму и инвалидизираноста да ја остваруваат преку тоа министерство, доколку е трајно, доколку е времено грижа за вработување, па јас ги молам предлагачите на овој закон да ги земе предвид овие забелешки и доколку е можно нешто од тоа да се размислува да се вгради.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали друг бара збор?

Збор има господинот Арсовски.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Макар да се работи за два закони, овој закон е посебен закон кој заштитува една посебна категорија, а она што го зборуваше колегата Поповски се работи за наредниот закон точка 5, тоа е Законот за воените инвалиди, а овој е Закон за кадровска политика односно за лица кои се на отслужување на воениот рок. Во таа смисла треба да направиме една разлика.

Мислам:дека целта на донесувањето на Предлогот за донесување на закон за заштита на семејството чиј хранител е војник на извршување на воениот рок во прв ред е оваа материја дека се регулира со републички прописи од причини што оваа материја беше регулирана со Сојузниот закон.

Со донесувањето на Уставот на Република Македонија и Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија по пат на автоматизам императивно се создаде обврска за донесување на напред спомнатиот закон. Значи, битно е што со овој закон во суштина се обезбедува континуитет во обезбедување заштита на членовите чиј

хранител е војник на извршување на воениот рок во обем и начин како и досега.

Законот има уставен основ и нема никакви пречки за негово донесување.

Основно и битно по мене што треба да се потцрта е дека со овој закон се обезбедува материјална, односно социјална сигурност на семејството, а не лична, која поради општествени причини, а не лични не е во можност да обезбеди материјална можност и други потреби за своите членови во семејството, меѓутоа, неспособни членови. Значи, тоа е интенцијата на законот.

Според мене, во општите одредби на задоволителен на- чин се утврдени правата и условите за стекнување и постапката за остварување на тие права. Исто така правата изразени во членот 5 од предложениот Закон, а пред се материјално обезбедување, здравствена заштита, додаток на деца даваат можност за поцелосна заштита на оваа категорија граѓани. Гледано од сите аспекти, мислам дека има место да се донесе овој закон заради тоа што тоа е една посебна категорија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господинот Анастасовски.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

И ова прашање е малку почувствително. Војник хранител на извршување на воениот рок во нашата армија. Се знае дека армии- те се демилитаризираат и војник кој ќе служи повеќе од шест или девет месеци тој веќе станува професионален војник.

Меѓутоа, не сакам да зборувам за тоа, туку сакам да зборувам за хранител. Јас незнам како го замислуваат комисиите кои ја обработија оваа тема, меѓутоа, јас не сум присуствувал, сакам да кажам една работа. Ако војник служи девет месеци, тогаш хранителот треба да служи помалку да не го оптоварува буџетот и треба да се земат неколку фактори, се мисли на хранителот кој живее во семејство. Има едно дете, има два болни родители, има едно дете, има две деца и двајца родители. Затоа предлагам, до колку е можно, воениот рок да изнесува најмногу четири месеци, ако се прифати. Тој не може да извади уверение ако е сам. Јас предлагам, а сега доколку го прифатат комисиите односно Собранието нема да биде лошо за овие луѓе односно деца кои ќе служат во нашата армија.

Од тие две опции, едната е социјалната положба, а другата е едно дете со повеќе членови во семејството мајка, татко, деца итн.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господинот Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Се извинувам за повторното јавување, но ќе ви одземам само една минута. Со оглед на позицијата на колегата Арсовски како претседател на Комисијата која е матична за овој проблем, мислам дека е добро само да дообјаснам. Напротив, јас реков првата реченица дека сум за донесување на овој закон и се како што е напишано во него во основа, се разбира, сега сме во прва предлог - фаза, меѓутоа, упатив на тоа ако еден орган ги упатува на извршување на воениот рок тој истиот орган да ја преземе грижата за семејството и грижата за можните инвалидитети,

невработености кои  произлегуваат за да може оној кој се упатува на отслужување на воениот рок на единствено место да ги остварува своите права. За него би било поцелисходно оти таму има единствен увид, евиденција, документација за да се оствари стручно за да не бидат растрчани граѓаните кои се наоѓаат во таа позиција. За да не се сфати дека ми беше поинаква тенденцијата, ова да се дислоцира во Министерството за народна одбрана и во Армијата на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за заштита на семејството чиј хранител е војник на извршување на воениот рок.

2. Собранието го задолжува предлагачот да изготви и на Собранието да му достави Предлог на закон при што да ги има предвид укажувањата и забелешките на Комисијата за труд и социјална политика, Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана, Законодавно - правната комисија и од расправата на седницата на Собранието.

3. Овој заклучок заедно.. со извештаите на Комисијата за труд и социјална политика, Комисијата за внатрешна политика и опшотонародна одбрана и Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија, како и забелешките од пратеникот Тодор Петров да се достави до Владата на Република Македонија и до Министерството за труд и социјална политика.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?

(6б пратеника).

Дали е некој против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Имаме присутни преку 70 пратеника, а 66 гласаа за.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Преминуваме на **точката 5** - Предлог за донесуваше на з кон за правата на воените инвалиди, на лицата прогонувани и затворани за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност, на членовите на нивните семејства и на членовите на семејствата на паднатите борци.

Предлогот за донесување на законот и извештаите на Комисијата за труд и социјална политика и Законодавно - правната комисија ви се доставени, односно поделени.

Комисијата за труд и социјална политика предлага зара- ди комплексноста на прашањата што треба да се регулираат да се из- готват два посебни закони.

Го молам претставникот на Владата да го изнесе ставот на Владата по овој предлог.

Има збор министерот за труд и социјална политика господинот Илјаз Сабриу.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Владата на вчерашната седница расправаше за извештајот на Комисијата за труд и социјална политика со кој се предлага во заклучоците да не се прифати овој закон односно да се предложат два закони кои ќе ја регулираат оваа материја. Владата тој заклучок не го прифати и останува на сопствениот предлог и би сакал да кажам накратко, доколку можам, кратко образложение зошто ова го правиме.

III/7.-

Прво, бидејќи оваа проблематика е регулирана до сега со Сојузен и Републички закон кога беа само воените инвалиди оние кои добиле инвалидитет за време на служење на воениот рок или за време на НОВ и таа проблематика беше регулирана со Законот за воените инвалиди и нивните права кои ги остваруваа до сега. Но, со донесувањето на Уставот на Република Македонија во членот 36 таму стои дека државата треба да обезбедува социјална и материјална сигурност и на покрај таа категорија кои до сега ја користеле, и на категоријата која се борела или која претрпела или добила инвалидитет или болест за време по ослободувањето, но се бореле за само- битноста на македонскиот народ и неговата државност. Од тој член на Уставот произлегува обврска да пристапиме кон изготвување на еден ваков закон.

Второ, бидејќи Собранието на Република Македонија расправајќи по неколку закони меѓу кои Законот за пензиско инвалидско осигурување во една прилика односно на 18 февруари м.г. заклучи Собранието на Република Македонија ја задолжува Владата на Република Македонија при изготвувањето на новиот системски закон за пензиско и инвалидско осигурување или во други закони од областа на боречко - инвалидската заштита покрај решенијата за борците да се предвидат решенија за обезбедување права и на лицата кои се прогонувани и затворани за идеите на самобитноста на македонскиот на- род и неговата државност. Тоа е заклучок на ова Собрание донесен на 18 февруари 1992 година.

Трето, бидејќи во Програмата на Собранието за минатата година беше овој закон предвидуван, но во тоа време не можеше да се изготви и во таа програма стои законот во ваква форма со ваков наслов и во образложението стои дека треба да се сведе на сите овие права на

целата категорија граѓани кои претрпеле инвалидитет и за самобитноста на македонскиот народ и неговата државност.

Од тие причини мислиме дека не би било добро за иста проблематика, за исто прашан>е да имаме два закони. Држи еден елемент дека непознатица ни е X кој е бројот на овие корисници кои ќе се појавуваат. Ниту "ние ниту некој денеска можеме да тврдиме колкав е тој број. Ние го знаеме бројот на досегашните корисници, но за другите корисници кои ќе имаат право да добиваат инвалидитет по овој закон тој број ќе биде утврден со соодветни акти со соодветна постапка. До сега имавме многу такви примери за остварување и обезбедување на тие права со одлуки, со посебни комисии на Владата, со посебни комисии на другите надлежни органи кои ќе утврдат која е таа личност што претрпела инвалидитет борејќи се за самобитноста на македонскиот народ и неговата државност.

Од тие причини мислиме дека нема логика за иста проблематика, бидејќи се остваруваат правата за инвалидитетот да имаме два закони. Тогаш граѓаните ги;делиме на две категории. Мислам дека тоа ние како Влада не можеме да го прифатиме и од тие причини остануваме на нашиот предлог оваа проблематика да се регулира со еден единствен закон да ги имаат еднакви правата без оглед во кое време станале инвалиди дали инвалиди од војната или по војната да ги остваруваат истите права по истите мерила и критериуми што реков со посебни одлуки, нивниот број, кои се тие лица што претрпеле таков инвалидитет, колкав ќе биде тој број ние денеска не сме во состојба да го дознаеме, бидејќи не го знаеме, но бидејќи сега се воведува едно такво право на оваа категорија што ја немало до сега 40 или 50 години, веројатно за година - две како ќе се пријавуваат граѓаните таа Комисија ќе оцени дали ги исполнува сите услови врз основа на таа одлука која ќе биде

донесена од страна на Владата и тогаш ќе можат овие граѓани да ги остваруваат овие права.

Да заклучам, значи ние остануваме и не го прифаќаме заклучокот на Комисијата за труд и социјална политика, и таму доста се расправавме и се обидовме да ги убедиме луѓето со најдобра намера, нема логика сега за едно исто право да ги делиме граѓаните по два закони да го остваруваат тоа право, бидејќи овие биле за време на НОВ или служеле војска во ЈНА бивша, а сега оваа друга категорија која претрпела такви повреди, инвалидитет по ослободувањето, но исто така бидејќи е уставна обврска тоа е влезено во Уставот дека и на тие граѓани односно на таа категорија на граѓани треба да им се признаат такви права и мислиме дека треба да се регулира со еден единствен закон и затоа ги молам пратениците да ги прифатат овие наши образложенија, а другите сугестии што беа дадени и на Комисијата, веројатно и од денешната расправа, ќе ги имаме предвид и ќе се обидеме во другите фази да ги градиме во законското решение.

(Со седницата продолжи да раководи Џеладин Мурати, потпретседател на Собранието).

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Го слушнавме мислењето на Владата.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Збор има господинот Бранко Арсовски.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Сигурно намерата не е за конфронтација, меѓутоа, да укажам што размислувавме на комисијата и да ги пренесам ставовите на членовите

на Комисијата за труд и социјална политика и лично мое размислување по однос на оваа материја. Ние донесовме еден заклучок по една обемна и севкупна расправа.

Почитувани пратеници, Предлогот за донесување на закон всушност претставува кодификација на двата закони односно законот за основните права на воените инвалиди и семејствата на паднатите борци "Службен лист на СФРЈ" од 18 декември 19 81 година и Законот за дополнителна заштита на инвалиди од 26 декември 1985 година "Службен весник на СРМ" што значи дека со овој дополнителен закон од 1985 година престанаа да важат законите за воените инвалиди кои беа сместени во "Службен весник на СРМ" број 29/1973 година број 45/1974 година, број 42/1977 година, број 11/1981 година, број 13/1984 година и број 39/1984 година.

Меѓутоа, во предложениот закон покрај утврдените права со претходни закони и лица кои треба да го остварат ова право односно да го користат, предвидени се и правата каде е сместена дополнителна категорија на лица прогонувани и затворани за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност, што е пред вас овој закон.

**БРАНКО АРСОВСКИ:** (Продолжение)

Вака предложениот предлог за донесување на закон во целина нема уставни пречки, тоа е нормално, баш заради тоа што со член 36 од Уставот на Република Македонија е предвидено да се обезбеди посебна заштита не само на оваа категорија, него на борците и воените инвалиди од Антифашистичката војна и другите национално ослободителни војни на Македонија во кој дел се споманти и лицата прогонувани и затаварани за самобитноста на македонскиот народ и на членовите на нивните семејства. Што значи причина за донесување на законот постојат и се предвидени. Тука нема ама баш никакви резерви ни дилема.

Меѓутоа, при начелната расправа по Законот и неговата содржина членовите на Комисијата за труд и социјална политика по една многу стручна, компетентна, а пред се објективна расправа во начелната расправа по Законот, но и по расправата по содржината на предложениот закон изразија извесни сомненија и забелешки кои по завршувањето на дискусијата односно расправата секој пооделен член изгради свои став и на самата седница го презентираше во форма на забелешка. Тоа беше едногласно прифатено до сите членови на Комисијата.

Во таа смисла, главните забелешки беа искажани и насочени кон следното:

1. Комисијата за труд и социјална политика смета дека материјата што ја регулира текстот на понудениот Предлог за донесување на закон треба да биде комплетно издвоен по можност во два закони и тоа:

Едниот дел од материјата што го регулира прашањето на правата на воените инвалиди да се смести во еден закон што е континуитет на

претходните закони што во суштина ќе претставува континуитет и кодификација на законите за воените инвалиди донесени од Сојузното собрание на бившата СФРЈ и Законот за воените инвалиди донесен од Собранието на Република Македонија.

Вториот дел од материјата на предложениот закон да се однесува на лицата прогонувани и затварани за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност, се разбира и членовите на нивните семејства.

Ваквиот предлог во себе ја имате следната аргументација и образложение:

Првата аргументација беше дека воените инвалиди како категорија многу децидно и јасно се утврдени со член 5 од Законот за воените инвалиди, "Службен весник на СФРЈ " 18/12 1981 година, а таа иста децидна и јасно утврдена категорија на воените инвалиди е присутна и во истиот Закон донесен од Собранието на социјалистичка Република Македонија.

Втора аргументација, тоа е што со истиот закон многу прецизно е определено кое лице и со кој степен на инвалидност може да ги остварува правата предвидени со овој закон, а се однесува на повеќе права, како што се инвалидски додаток, семеен додаток, надомест за туѓа нега итн. итн.

Третиот аргумент што со претходните закони, а тоа не значи дека не се предвидува и со сега предложениот закон, постапка и критериуми за остварување на правата според постојните и сега предложениот закон.

Четврто, што во остварување на правата на воените инвалиди е обезбеден еден долг и утврден но и проверен континуиран процес со

изградено стручно, но во секој случај практично и теоретско искуство, а тоа значи нема непознаници при утврдување на лицата и во остварување на одделните права што постојат.

Петто, што во овој момент е позната бројката на овие лица што ги острвуваат правата и се познати материјалните средства за подмирување на истите.

Шесто, останува само можност за преиспитување на поодделните права во позитивна или негативна смисла врз база на долгогодишно следење и проучување на оваа категорија" граѓани.

За разлика од напред наведената категорија лица прогонувани и затаварани за идеите на самобитноста на македонскиот народ поради низа недоречености и непознаници има потреба да с е сместат и во овој момент издвојат во посебен закон. Или, по логика на нештата да се сместат во Законот за материјално обезбедување на учесниците во НОБ, при што и Владата,во својата Програма за 1993 ч година има такво размислување.

Ваквото размислување се заснива врз следните причини:

Прво, што оваа категорија за прв пат се спомнува во Уставот на Република Македонија што е и позитивно и на истите им се гарантираат исто така посебни социјални права како на борците и воените инвалиди, конкретно со член 36 од Уставот на Република Македонија.

Второ, што до крај , а пред се не е децидно дефиниран статусот на овие лица и недоволно, дури воопшто не е утврден и проучен бројот на овие лица.

Трето, што сепак недоволно во овој момент има можност така брзо и за кратко време да се утврдат категориите и нивниот степен на оштетување односно инвалидитет. Кога се спомнува инвалидитетот од психички аспект, мора да се има предвид и член 5 од Законот за воените

инвалиди на СФРЈ и Законот аз воените инвалиди н. СРМ каде степенот на инвалидноста е во зависност од утврдената рана како основ за сврстување на лицата во една од постојните категории од I до X.

Четврто, недефинираниот статус ја доведува во прашање постапката за утврдување на категоријата, бидејќи се уште не е доволно или воопшто присутно потребното искуство на овој план. Аргумент повеќе, што во предложениот закон само во една односно две одредби е дадено дека доказната постапка ќе се изведува од Комисија што треба да се формира при Владата.

Петто, што вака недефинираниот статус и недоволно утврдена постапка, како и средства и методи се доведува во прашање сеопфатноста на лицата кои треба да го остварат правото и сепак нивната заштита ќе зависи од субјективниот фактор, а не од законски утврдено право.

Шесто, што исто така претставува проблем што во овој момент не е позната бројката ниту може да се претпостави во каков број ќе се јави од причини што барем засега не е согледана можноста на евентуалниот број со цел да се планираат сите придружни потреби, а пред се финансиските како најважни што со Буџетот треба да се предвидат.

Седмо, вака набрзина утврдување на одредено право, уставно определено право може во целост да ја девалвира посебната социјална заштита на овие лица што според мене можеби ќе има и негативен политички одраз.

Да резимирам, врз основа на напред наведените аргументи, Комисијата смета дека во овој момент најцелисходно е да не се донесува предложениот закон, а Собранието да го задолжи ресорното Министерство односно Владата да постапи по заклучокот на Комисијата

за труд и социјална политика што е поместено во текстот на извештајот, а истиот претпоставувам дека е поделен за денешната седница.

**МИТНО АНАСТАСОВСКИ:**

Драги дами и господа, конечно даде денот кога треба да се даде едно признание, социјално и на тие луѓе кои загинаа за идеите на ВМРО и патриоти кои загинаа во многу места на овие простори

Нека ме извини министерот за социјална политика, јас сметам дека слушајќи го излагањето на господинот претходен пратеник член на Комисијата за донесување на таа одлука, на тој Закон, наполно се согласувам дека оваа категорија луѓе кој го дадоа животот и настрадаа во времето на едноумието треба за нив да постои еден закон башка од овој закон со што ќе се регулираат сите права што ги уживаат досега сите овие наши борци кои се бореле и по некој начин останале инвалиди во времето на сите војни. Така?

Ми се чини дека тоа е најприфатливо и за живите, а и за семејствата на луѓето кои настрадаа од режимот. Така што наполно се согласувам со Комисијата и со излагањето на господинот пратеник.

Е сега, ми се чини дека Собранието треба да донесе два закони, еден закон за борците, за инвалидите, за семејствата, а друг закон за овие што настрадаа за делото на Македонија.

**ХАМИД АЛИУ:**

Господо пратеници, ценето Претседателство, јас се согасувам дека треба да донесеме ваков закон каков што го предлага предлагачот, меѓутоа не можам да се согласам со насловот. Насловот е Предлог за донесување на закон за правата на воените инвалиди, на лицата прогонувани и затворани за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност, на членовите на нивните семејства и на членовите на семејствата на паднатите борци. Па, се прашувам дали

само македонците се бореле, дали само македонците биле прогонети и затворани?

Јас мислам нема логика ваквиот закон каде народите кои живеат во оваа држава некои да бидат на прва категорија, другите на втора односно да се селекционираат. Тоа се гледа и во општите одредби на член 1, не сакам да ве заморувам и да читам, а исто така го прашувам предлагачот за член 19, за кој временски период се работи во врска со ова?.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, излегов само да ви прочитам што пишува во членот 36 од Уставот на РМ. Таму е јасно кажано дека Уставот го утврдил името на овој Закон. Едноставно во Уставот се вели: "на прогонуваните и затвараните за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност, како и на членовите на нивните семејства кој немаат можности... Тоа значи дека не можеме да измислуваме нов назив на овој Закон бидејќи е веќе утврден во Уставот.

**ХАМИД АЛИУ:**

Токму од:овие причини ние не го гласавме овој Устав, затоа што многу се фалеше дека е граѓански демократски Устав.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Бидејќи е прва фаза , Предлог за донесување на закон, можат сите овие дискусии , веројатно мора а не може да ги имаме предвид и кога ќе се извлече стенограмот при изготвување на Нацртот и Предлогот на законот , бидејќи уште две фази веројатно ќе треба да дојдат овде, тогаш ќе се обидеме да ги вградиме во најголема мера според можноста, она што се предлагаше на денешната седница.

IV/7.-

Меѓутоа, јас би се задржал на она што и господинот Бранко го кажа дека не треба погрешно да бидеме сфатени, Владата, дека со овој Закон предлага една категорија која до сега не ги остварувала овие права со вакво решение ќе биде на некој начин на страна, односно не ќе може да ги остварува тие права.

Напротив, ние сме цврсто убедени како Влада, дека ако се решиме со еден единствен закон да и оваа категорија што досега не ги остварувала тие права, имаме такви случаеви на инвалидитет, на инвалидност, на повреди итн., во овие 50 години, да ги остваруваат сите таксативно наборени права во Законот за сите досегашни инвалиди од НОБ, ДАК, на бившата ЈНА што ги користеле. Според тоа, мисла дека за нас е најдобро тоа да биде во овој закон, бидејќи сите права и законите во процедура, нема да го одложиме уште за неколку месеци и таа категорија да ги остварува) тие права.

Второ, во овој закон не се обезбедува социјална правда на ова категорија. Ние , социјална правда со други закони може да се регулира. Тогаш не би било предмет на овој закон. Ние овде утврдуваме права на оваа категорија. Права, бидејќи тие, борејќи се за самобитноста на македонскиот народ и неговата државност станале инвалиди, изгубиле делови од нивните тела итн. итн. и сите тие категории што ги имаме денеска десет категории на инвалидитет и оваа категорија на граѓани би требало да ги уживаат.

Сосема е друго социјалното право или материјално обезбедување на една категорија, а многу потешко, по мене повредно и, како да кажам, политичкото право, овие луѓе да добијат една сатисфакција и едно право кое 50 години го немале. А, доколку се работи за Законот за материјално обезбедуваше тоа беше сосема друг закон. Таму остваруваат права оние кои биле на некакви должности во време на НОБ или каде нивните семејства немаат доволни средства за егзистенција па им дадовме

некоја социјална помош, односно преку тој закон за материјално обезбедување на борците во НОБ. Суштината не е во социјалниот аспект, туку во другото, утврдување на право кое Уставот го гарантира на овие граѓани досега.

Јас и преска реков дека не го знаеме бројот. Точно дека не го знаеме. Но и со другиот закон што ќе го предложиме ние не може да го знаеме тој број. Тој број ќе го дознаваме со посебна комисија , како што имавме за сите овие категории, посебни комисии на Владата што ќе утврдуваат еден по еден , со поднесување молби, ние велиме во Законот дека тоа ќе го утврди Министерството за правосудство. Имаме забелешки од комисиите дека не треба Министерството за правосудство туку надлежните органи. Веројатно тоа ќе биде комисија на Владата од неколку министерства што ќе ги утврдуваат условите кој може да добива едно такво право и ги остварува правата на инвалидитет и на оваа категорија.

И во нов закон ние не можеме д 'утврдиме дека таму ќе имаме 2 илјади, 5 илјади итн., за разлика од овој закон кога имаме 6.392 корисници според досегашниот Закон.

За материјалните средства, сигурно дека влегуваме со непозната, но веројатно во нашиот Закон, бидејќи таму има финансиски средства предвидуваме колку тоа би било во првата година, во овој период да остваруваат едно такво право и ние никаков проблем, доколку се утврдат такви права, да обезбедиме средства од Буџетот за оваа категорија на граѓани.

Според тоа, добро е да се прифати предлогот на Владата, со најдобра намера, бидејќи сакаме прашањата да бидат регулирани на едно место, а не да ги делиме граѓаните за ова или она, туку сите права што ги уживале до сега некои, треба и овие додатниве, што Уставот им го

дава тоа право да го користат во наредниот период.

Инаку, доколку се прифати заклучокот на Комисијата за труд и социјална политика, мислам дека тогаш, што би рекле правниците да се дерогира односно поништи заклучокот на Собранието од 18.о2 кога не задолжува во сите закони во кои е и овој Закон, тоа право да го признаеме на оваа категорија односно да ги соединиме сите граѓани во еден закон. Право е на Собранието како ќе одлучи. Ние не можеме да вршиме притисок. Нашите аргументи се овие, со најдобра намера оваа категорија на граѓани која била 50 години обесправена, добила инвалидитет да ги остваруваат сите права што ги користат и досегашните инвалиди.

За насловот, укажувањето на господинот Алиу, тој е земен од Уставот, но овој Закон во никој случај не претпоставува национален закон. Тоа е закон за сите граѓани на Република Македонија. Текстот во Уставот и ние не можеме да го измениме. Секој закон важи за сите граѓани на Република Македонија. Се вели "за македонскиот народ и неговата државност", така што сите националности кои живеат и сите граѓани на оваа Република ќе ги имаат сите права еднакво. Инаку, тоа би било незнам каква дискриминација,

Од тие причини уште еднаш предлагам и ги молам пратениците да ги уважат овие аргументи и ги прифатат законот со најдобра намера да не чекаме и навистина ова право да го користат сите други граѓа- ни во Република Македонија.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Мене ме радува што ова Собрание успеа во членот 36 да вгради одредба со која државата Македонија призна дека покрај тоа што треба да им се признаат одредени права на борците од Антифашистичката

војна и од сите националноослободителни војни на Македонија, дека режимите прогонувале и затворале луѓе за идеите и самобитноста на македонскиот народ и неговата држава. И, со оглед на тоа ова Собрание треба да донесе закон , според дефиницијата во член 36 а го имаме во постапка.

V/1 пј/см

**ТОДОР ПЕТРОВ**: (Продолжение)

Некој може во рамките и на претходните излагања сакам само едно нешто да укажам. Не станува збор за закон кој што ги доведува граѓаните според нивната етничка припадност и потекло во некаква нерамноправна положба, каква што можеше да се добие впечаток од излагањето на еден од претходните пратеници. Некои можат да ја дефинираат како што сакаат Македонија како мултиетничка држава, меѓутоа, треба да им биде познато на истите дека носител на државноста во Македонија е македонскиот народ, иако суверенитетот го остваруваат сите граѓани независно од нивната етничка припадност и потекло. Народно-ослободителни војни водел македонскиот народ, не се воделе на овие територии и простори граѓански револуции и затоа сметам дека е сосема оправдана дефиницијата во членот 36, независно што и со македонскиот народ во тие национално - ослободителни војни учествувале припадници на други етнички групи кои што живееле на овие Простори. И тоа право, нормално, имаат да го користат како и сите кои што се бореле за самобитноста на македонскиот народ и неговата државност. Ако не било така, ако не бил македонскиот народ носител на државноста во мнозинство оваа држава ќе се викала Албанија, Србија, Бугарија или пак Грција.

Што се однесува до текстот на законот имам дадено писмени забелешки кои што се доставени до пратениците и сметам дека Владата ќе ги респектира при утврдување на текстот, меѓутоа, сакам посебно да нагласам за одредбите во членот 5 и 16. Многу невкусно звучи кога заедно со утврдувањето на правата на борците на антифашистичката војна и од сите национално - ослободителни војни се ставаат и воените инвалиди од учеството во војната во Република Словенија, Република,

V/2

Хрватска и Република Босна и Херцеговина во 1991 и 1992 година. Јас до Владата доставив едно барање да се изготви една информација каков е правниот статус, каква помош им е потребна, што до сега се презело за лицата кои не по своја вина биле испраќани на фронтовите преку поранешната ЈНА во Словенија, Хрватска и Босна и Херцеговина. Меѓутоа, тие лица не можеме да ги ставаме во ист ранг дека воделе национално ослободителни војни на тие простори.

Меѓународната заедница подготвува, а Советот за безбедност веќе усвои резолуција за формирање на меѓународен суд за утврдување на воените злосторства што ги правела поранешна ЈНА. Многу негативно ќе биде ако ние тие војни ги прифаќаме како свои војни и ги ставаме во ранг на еден закон каде што дефинираме права на борци, учесници во антифашистичката војна, во национално - ослободителните војни и лицата кои што биле прогонувани и затворани за идеите 1 за самобитноста на македонскиот народ и неговата државност. Затоа, сметам дека Владата треба да поразмисли, непотценувајќи ги жртвите кои ги поднеле овие лица и незнаејќи ние како Парламент што до сега е преземе- но спрема нив, каков е правниот статус, вработување се инвалиди, дали некој им помага, дали им овозможува некаква нега, клиничка, домашна или било каква друга. Меѓутоа, сметам дека не треба да бидат инкорпорирани во овој текст на закон и со некој посебен акт. Или на Владата или на овој Парламент треба да им се дефинираат нивните права и обврските на оваа држава спрема нив и нивните семејства. Меѓутоа, не со законот кој што е преземен од членот 36.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ :**

За збор се јави господинот Тито Петковски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас сакам да кажам како јас го подразбирам Законот, зашто можеби да се стекне впечаток дека станува збор за еднонационален односно закон односно закон што утврдува права за еднонационална категорија. Воопшто не е така, ниту станува збор за самобитност, ниту за државност овде. Со овој закон точно кажува содржината на законот и во член 1 кои односи ги уредува. Според мене тоа се 4 категории односно 5 категории попрецизно кажано на граѓани.

Прво, ги уредува правата на воените инвалиди, без оглед на националната припадност. Не кажува тука на која националност е припадност воените инвалиди.

Второ, ги уредува правата на 'лицата прогонувани, затворани за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност. Тоа е втора категорија.

Трета категорија се членовите на нивните семејства, односно на семејствата на воените инвалиди и на лицата прогонувани и затворани за идеите за самобитноста на Македонија.

Четврта категорија се членовите на семејствата на паднатите борци, без оглед на националната припадност. Според тоа, не би требал да се дава негативна конотација во врска со овие две дискусии кога Законот комплексно ги уредува односите во врска со сите права на оваа категорија граѓани без оглед на националната припадност.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Почитувани пратеници, почитувано Претседателство, јас во почетокот како го образложи министерот, а и сега господинот Петковски сакав и се обидов да го сфаќам баш како закон за сите националности. Меѓутоа, еве еден момент како сака некој да го интерпретира законот. Господинот Петров како го интерпретираше не испаѓа дека Законот има таква содржина. Јас го познавам како човек во ова Собрание кој најмногу го чита и го повторува Уставот и членовите на Уставот и нека ми одговори, иако не е должен да одговори нормално да ми каже во кој член од овој устав што го имаме пишува дека носител на државноста во Македонија е македонскиот народ. Јас мислам дека одредба, член' до сега не сум прочитал во Уставот, а на кој член мисли нека ни докаже тука на говорница. А дека не е мултинационална Македонија, јад поаѓам од овој состав на Собранието, јас сум Исмет Рамадани, тој е Тодор Петров, па тука има и господин Фаик Абди, па има и Алил Џаферовски итн.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Во ред, на дневен ред е законот, а не други односи.

За збор се јави господинот Тодор Петров, кој бара реплика.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Пратеникот Тодор Петров не излезе да му одговори на господинот Исмет Рамадани, како што тој сакаше да го испровоцира, пратеникот Петров зборува како што чита и разбира. Исто како што и господинот Исмет Рамадани, така прочитал, така разбрал, така и кажал. Затоа и не сме во иста партија.

V/5

**АГИМ ФАЗЛИУ:**

Дами и господа, незнам која е целта на пратеникот Петров сите закони кои се на дневен ред и секаде каде наоѓа можност да го промовира својата филозофија за Македонија како еднонационална држава или речено зборот на науката Македонија е како држава наци-ократија, што значи владеење на еден народ над другите народи или национални групи. За законот, бидејќи претходниот говорник исто така за Законот зборуваше, но зборуваше исто и за Македонија како еднонационална држава, истото ќе го правам јас. Поради тоа мислам дека таквата филозофија во овој современ свет е надмината и оние што се мачат уште и понатаму тоа да го спроведуваат во практиката, добро е што побргу во реалноста да гледаат, зашто тоа е добро и за нив и за државата во која живееме.

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:**

Јас по однос на мислењето на ^Комисијата за надлежна односно матична, не го делам мислењето да се оди со два закони, меѓутоа да се донесе еден закон како што предлага Владата, со тоа што во наредниот период да се усоврши текстот и да се достави. Меѓутоа, сметам, прво дека не е економично. Се работи за исти извор на права, се специјални права. Категориите се утврдени по видови, а исто така не се слагам дека е националистички законот, бидејќи оној кој работи за самобитноста на македонскиот народ и за државноста, независно од која националност има право да ги користи овие специјални права. Заради економичност на постапката и времето на донесување да се прифати предлогот што го има поднесено Владата и оваа уставна обврска да се реализира побрзо.

V/6

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Мислам само едно дообрајснување, да не сфатиме погрешно, бидејќи овде падна збор дали овој закон има социјална функција или нема социјална функција итн. Значи, Законот пред себе мора да има во себе социјална функција, заради тоа што се работи за степен на оштетување. Значи, некој треба да биде оштетен, болен итн. за да во таа функција државата преку одредени инструменти, законски инструменти му обезбеди одредена заштита. Тоа е нормална појава и мислам дека е тоа в ред. Меѓутоа, заклучокот што го донесе ова Собрание императивно не налага дека треба инвалидската борачката и друг вид заштита треба да обезбедуваме во еден закон. Значи, тоа ни допушта и викаме дека со член 36 треба да се обезбедува одредена заштита на таа и таа категорија. Во таа смисла Комисијата го имаше предвид и член 2 од понудениот закон во кој закон децидно се третира, односно во член 1 се третираат кои се тоа категории. меѓутоа, категоријата на оние што се бореле за самобитност итн., прогонувани не е до крај подредена во одредена одредба за да граѓанинот кој треба да го остварува тоа право нема каде да се упати освен тој член 15 кој на некој начин покажува дека во Уставот во член 36 е тоа и тоа право и е пренесено само во Законот во член 15. Така, во таа смисла не би требало ние тоа да го фатиме дека нема можности. Еве една друга можност. Борачко - инвалидската заштита не се регулира само со Законот за воените инвалиди. Ние имаме и закон за материјално обезбедување на учесниците од НОБ. Таа е една друга категорија, зборувам за друга клтогорија. Не значи дека за тој член, зборувам за една категорија граѓани кои сепак државата нашла за сходно да донесе повеќе закони за да тие лица бидат сместени. Викам позитивно е за нас, па и за мене да ако имаме еден посебен закон за

оваа категорија тоа поблиску ќе се определат и критериумите и категоријата и степенот на инвалидноста и доказната постапка и се она што го прати. Инаку, во спротивност тврдам дека овој закон нема практична вредност. Не може во пракса доволно да се применува и ќе наидеме на еден сериозен проблем во доказната постапка. А доказната постапка ние треба претходно да ја утврдиме со закон. Од тие причини ние планиравме дека подобро би било и покрај тоа што колегата Крстевски рече дека е неекономично да имаме два закона, сепак е рационално заради тоа што поблиску се определуваат овие права токму на оваа категорија која е непозната. Нема континуитет. Сега се открива оваа категорија и мислам дека ќе имаме одредени проблеми во доказната постапка.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, јас на почетокот ќе си го кажам своето мислење и сум, односно го поддржувам предлогот на Владата за донесување на ваков закон односно единствен закон, а не разделен закон. Ова ќе го образложам од прости причини. Ако овие граѓани треба да си остваруваат некои свои права, како што е одредено во членот 1, мислам дека со членот 9 од Уставот граѓаните сите се еднакви и по уставот и пред законите. Затоа, доста и беше на оваа држава да ги дели граѓаните на тие што се заслужни или не заслужни итн. Мислам дека еднаш треба да престанеме во име на таа еднаквост за која сите велиме дека се залагаме односно за тие права што ни припаѓаат, односно им припаѓаат на оваа категорија граѓани. Инаку, јас сум за тоа во овој закон правата да си ги остварат учесниците во војната и во Република Словенија кои настрадаа, и во Република Хрватска и во Република БиХерцеговина до 31.IV.1992 година од прости причини. Зошто од прости

причини. Ако ние се на- вратиме малку во историјата на Македонија ќе видиме дека на овие терени 1913, 1914 год. итн. други држави од ова население и од овој македонски народ земаа и во една војска и во друга и во трета итн. и меѓу себе браќа ни криви ни должни односно не сакаа да учествуваат во таа меѓусебна војна, но државите тоа го правеа, ако и тогаш се створеше некоја македонска држава, сигурен сум дека, без разлика дали служел во српска војска или во бугарска војска, таа македонска држава ќе им дадеше исти права на овие граѓани. Затоа што не по нивна вина учествувале во едни такви војни. Затоа, апелирам до сите пратеници и ќе ги замолам овие права односно иако ова е прва фаза од овој закон, се надевам дека предлагачот ќе ги уважи некои забелешки во понатамошниот тек на донесување на законот, апелирам до сите пратеници да го прифатиме вака овој закон, односно овие права да се третираат со единствен закон, а не со повеќе закони.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор?

Господин Котевски.

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Предлогот што го даде господинот Арсовски апсолутно не држи и во никој случај да не се занесуваме дека од овој закон можеме да правиме два закони поединечни, затоа што ќе дојдеме во состојба да не се изгласа можеби ниту едниот ниту другиот. Го поддржувам предлогот на Стоиле Стојков, овој треба да биде еден единствен закон и во него да се користат тие права, како што е и мислам во оваа прва ваза забележано. Инаку, секоја друга авантура ќе направи голем јаз во овој Парламент и ќе се доведеме во мат позиција и ќе го уништиме и она што

е пишано во Уставот на Република Македонија.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали уште некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за правата на воените инвалиди, на лицата прогонувани и затворени за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност, на членовите на нивните семејства и на членовите на семејствата на паднатите борци.

Второ, Собранието го задолжува предлагачот да изготви и на Собранието да му достави Предлог на закон при што да ги има предвид укажувањата и забелешките на Комисијата за труд и социјална политика и Законодавно - правната комисија и од расправата на седницата на Собранието.

Трето, овој заклучок заедно со извештаите на Комисијата за труд и социјална политика и Законодавно - правната комисија да се достави до Владата на Република Македонија и до Министерството за труд и социјална политика.

Молам, кој е за предложениот заклучок, да крене рака. (Пратениците креваат рака).

(62 пратеници гласаа за).

Дали има некој против? (тројца пратеници се против).

Дали има некој воздржан? (Нема).

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на **<u>точката 6</u>** - <u>Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за издавачката дејност, со Предлог на закон.</u>

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот извештаите на Комисијата за образование, наука и култура и Законодавно - правната комисија ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам,кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за издавачка дејност.

Кој е за, молам да крене рака. (Пратениците креваат рака)

52 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој е воздржан? (Нема).

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ :** (продолжение)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон?

Кој е за молам да крене рака? (57 пратеника)

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да претресе и Предлогот на закон.

Отвора општ претрес по Предлогот на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Законодавно правната комисија поднесе амандман на член 1 став 1 со кој се согласил(претставникот на предлагачот и тој е составен дел на текстот на предлогот на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (59 пратеници)

Дали е некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање ? (1 пратеник)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување на Законот за издавачка дејност.

Минуваме на **точка 7** - Предлог за донесување на Закон за изменување на законот за сценско уметничката дејност со Предлог на закон. Предлогот за донесување на законот, со предлогот на законот и извештаите на Комисијата за образование, наука и култура и ЗПК ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за сценско уметничката дејност.

Кој е за молам да крене рака? (55 пратеници)

Дали е некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за молам да крене рака? (59 пратеници)

Дали некој е против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање ( 1 пратеник)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? ( 56 пратеници)

Дали некој е против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање ? (никој)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување на Законот за сценско уметничката дејност.

VI/3

Минуваме на **<u>точката 8</u>** - <u>Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за заштита на спомениците на културата, со Предлог на закон.</u>

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за образование, наука и култура и ЗПК ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на законот за заштита на спомениците на културата.

Кој е за молам да крене рака? (55 пратеници)

Дали некој е против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за молам да крене рака ?( 55 пратеници)

Дали некој е против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање ? (никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес

Отворам претрес по текстот на предлогот на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (52 пратеника)

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласањето ? (никој)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување на Законот за заштита на спомениците на културата.

Имаме еден предлог бидејќи Законодавно правната комисија има закажано седница за денес со почеток во 13,00 часот, а надворешните претставници се дојдени, дали треба да прекинеме со работа, или пак да ги ослободиме членовите на Комисијата за да работат. Да продолжиме со работа.

Минуваме на **точка 9** - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за музејската дејност со Предлог на закон.

Предлогот за донесуваше на законот со Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за образование наука и култура и ЗПК ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесуваше на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за музејската дејност.

Кој е за молам да крене рака? (54 пратеници)

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање ? (никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа Седница да се претресе и Педологот на закон.

Кој е за молам да крене рака? ( 53 пратеници)

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Законодавно правната комисија поднесе амандман на член 3 став 1 со кој се согласил претставникот на предлагачот и тој е составен дел на текстот на Предлогот на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (53 пратеници)

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласањето (никој)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување на Законот за музејската дејност.

Минуваме на **точката 10** - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за библиотечната дејност, со Предлог на закон

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за образование, наука и култура и ЗПК ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за библиотечната дејност.

Кој е за, молам да крене рака? (51 пратеник)

Дали некој е против (Никој)

Дали некој се воздржува од гласањето ? (никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (55 пратеници)

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласањето ? (Никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Законодавно правната комисија поднесе амандман на член '1 став 1 со кој се согласил претставникот на предлагачот и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот. Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (56 пратеници)

Дали има некој против(никој)

Дали некој се воздржува од гласањето? (никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за библиотечната дејност.

Минуваме на **точката 11** - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за споменици и спомен обележја со предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за образование, наука и култура и ЗПК ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ** : (Продолжение)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за споменици и спомен - обележја.

Кој е за, молам да крене рака? (55)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Кој е за молам да крене рака? (56)

Дали има некој против? (Нема) г

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака. (55)

Дали има некој Против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување на законот за споменици и спомен - обележја.

Минуваме на **<u>точката 12</u>** - <u>Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за филмската дејност, со предлог на закон.</u>

Предлогот за донесување на законот со предлогот на законот и извештаите на Комисијата за образование, наука и култура и ЗПК ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување на законот за филмската дејност.

Кој е за молам да крене рака? (55)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе предлогот на  закон.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Кој е за молам да крене рака? (55)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на предлогот на закон.

ЗПК поднесе амандмани на член 5 став 1 и на член 7 став 1 со кои се согласил претставникот на предлагачот и тие се составен дел на текстот на предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (55)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување на Законот за филмската дејност.

Бидејќи ги завршивме точките од областа на културата филмот, предлагам пауза до 15,00 часот.

Пред да одиме на пауза збор побара министерот за правосудство и управа Туше Гошев.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Во врска со 13-та точка Владата го повлекува законот

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Благодарам.

Значи, 14,45 часот ,почнуваме со работа.

Молам, да бидеме точни за да работиме ефикасно.

(Пауза од 13,10 часот)

(По паузата седницата продолжи во 15,10 часот)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Преминуваме на **Четиринаесеттата точка** - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за работните односи, со Предлог на закон.

